МАКЕДОНИЈА
политика
14 .11. 2016
08 8191/1
Итност:

До
Министерство за труд и
социјална политика

Предмет: Известување

Почитувани,

Сојузот на синдикати на Македонија на 13.11.2016 година, одржа седница на Советот на ССМ на која се донесе одлука за отповикување на претседателот на Сојузот на Синдикатите на Македонија:

Во прилог на ова известување Ви доставуваме:

- Одлука за отповикување од функција претседател на ССМ и претседател на Советот на ССМ;
- Одлука за избор на в.д. претседател на ССМ и претседател на Советот на ССМ, и
- Записник од седница на Советот на ССМ.

Овие документи ги доставуваме со цел Министерството за труд и социјална политика да изготви потребна документација за да се изврши упис на промената во Централниот регистар на Р. Македонија.

Со почит,

Сојуз на синдикати на Македонија
Претседавач на седницата
Лазе Георгиевски

Врз основа на член 8, точка 4 од Статутот на Сојузот на синдикатите на Македонија, а во врска со член 16, точка 6 и член 17, точка 1, алинеа 3 и точка 6, алинеа 1 од Статутот на ССМ, Советот на ССМ на седницата одржана на 13.11.2016 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

1. Се отповикува од функцијата претседател на ССМ и претседател на Советот на ССМ, Живко Митревски.
2. Се задолжува Советот на ССМ согласно Статутот на ССМ и Деловникот за работа на Советот на ССМ да именува вршител на должноста од членовите на Претседателството на ССМ.
3. Одлуката и Записникот за отповикување на претседателот на ССМ, да се достави до Министерството за труд и социјална политика.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со оглед на тоа што Живко Митревски подолг период како претседател на ССМ и Советот на ССМ дејствуваше спротивно на Статутот и Програмата на ССМ, беше донесена одлуката за негово отповикување. Непочитувајќи го Статутот три години Претседателството на ССМ работи спротивно на одредбите на Статутот а клучни одлуки се носат без мнозинство и без потребниот кворум за работа Неговото дејствување е од партиски позиции при што не ги почитуваше одлуките на органите. Истовремено, оние одлуки кои не добиваа мнозинство гласови, особено на седниците на Советот на ССМ, самоволно ги прогласуваше за усвоени, некои одлуки во архивата ги евидентираше спротивно на договорените и усвоените ставови на седниците на Претседателството и Советот на ССМ. Потоа претседателот на ССМ Живко Митревски пројавува непочитување и неизвршување на некои одлуки, иницијатор и носител е на активности што водат кон разбивање на ССМ и синдикатот и често лично тој поттикнува такви активности.

Исто така, Живко Митревски со своето однесување не придонесуваше за соработка и солидарност меѓу синдикатите, единство и координација меѓу здружените синдикати во ССМ, не придонесуваше за остварување на синдикалните права и слободи и независност на синдикалното движење, ги игнорираше активностите на синдикатите кои во синдикалната борба ги користеа правата на протест и штрајк. И на крај, не обезбеди јавност во работата а ставовите по одредени прашања од заеднички интерес на синдикатите претежно беа негови лични ставови.

Тргнувајќи од овие оценки и констатации, синдикатите и членовите на Советот на ССМ сметаат дека беше неминовно претседателот Живко Митревски да биде отповикан од функцијата претседател. Со тоа ќе се отвори простор за враќање на ССМ на основните принципи на своето дејствување како организација во која доброволно и врз демократска основа се здружени гранските синдикати. Со неговото отповикување, ССМ ќе мора да ги обединува и застапува заедничките општествени, економски, социјални и други интереси на здружените синдикати, што не беше случај до сега.

Сојуз на синдикатите на Македонија
Претседавач на седницата
Лазе Георгиевски

Врз основа на член 8, точка 4, алинеа 11 од Статутот на Сојузот на синдикатите на Македонија а во врска со член 17 од Статутот на ССМ, Советот на ССМ на седницата одржана на 13.11.2016 година ја донесе следнава

# О Д Л У К А

1. За вршител на должноста претседател на ССМ и Советот на ССМ се именува Дарко Димовски;
2. Функцијата вршител на должноста претседател на ССМ и претседател на Советот на ССМ именуваниот ќе ја врши за временски период согласно Статутот, односно до одржување на вонреден конгрес.
3. Се задолжува Советот на ССМ и службите на ССМ оваа Одлука и пререгистрацијата на застапникот, преку Министерството за труд и социјална политика до Централниот регистер на РМ, да ја реализираат веднаш од денот на донесување на Одлуката;
4. Се задолжуваат службите на ССМ да ги преземат сите дејствија за примопредавање на должноста.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со оглед на тоа што беше отповикан претседателот на ССМ и претседател на Советот на ССМ, согласно Статутот и Деловникот за работа на ССМ и Советот на ССМ, донесена е Одлука за именување на вршител на должноста претседател на ССМ и претседател на Советот на ССМ.

Сојуз на синдикатите на Македонија
Претседавач на седницата
Лазе Георгиевски

Во врска со член 8 точка 4 од Статутот на Сојузот на синдикатите на Македонија, а во врска со член 12 став 1, член 16 точка 6, член 17 точка 1 алинеја 1 од Статутот на ССМ, советот на ССМ на седницата одржана на 13.11.2016 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се разрешува од функцијата Секретар на Советот на ССМ Методија Димевски.
2. Одлуката стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

Образложение:

Поради спроведување на одлуки за кои знаел дека се донесени спротивно на Статутот и Програмата на ССМ и делување со кое им се нанесува штета на гранските синдикати здружени во ССМ, Методија Димевски се разрешува од функцијата Секретар на Советот на ССМ.

Сојуз на синдикати на Македонија
Претседавач на седницата
Лазе Георгиевски

**ЗАПИСНИК**

од Петтата седница на Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија одржана на ден 13.11.2016 година.

Седницата врз основа на член 3 и 4 од Деловникот за работа на Советот на ССМ ја свикаа гранските синдикати во ССМ кои организираат најмалку 1/3 од вкупното членство во ССМ

За одржување на седницата на Советот на ССМ беше покрената иницијатива од најмалку 1/3 од членовите на Советот на ССМ.

Со оглед на тоа што на седницата на Советот на ССМ не присуствува претседателот на Советот на ССМ, со седницата претседаваше најстариот член на Советот на ССМ Лазе Георгиевски од Синдикатот СУТКОЗ.

За записничар беше избрана Маре Анчева, СИЕР на РМ

На седницата на Советот на ССМ, присуствуваа мнозинство од членовите што се потврдува од евидентните листови за присуство, и се констатира дека согласно член 7 од Деловникот за работа на Советот на ССМ и член 16 точка 3 од Статутот на ССМ, со оглед на тоа што присуствуваат 28 членови на Советот, Советот може полноправно да работи и одлучува.

На седницата на Советот присуствуваа и Претседателите на Синдикатите: Пеце Ристевски претседател на СИЕР, Пеце Грујовски претседател на Синдикатот на УПОЗ, Живко Даневски претседател на Агро – Синдикатот и Дарко Димовски претседател на СУТКОЗ.

За седницата беше утврден следниот:

Д н е в е н  р е д

1. Верификација на член на Советот на ССМ
2. Актуелни состојби во Сојузот на синдикати на Македонија
3. Тековни прашања

По отварање на расправа во врска со дневниот ред и по дискусиите на членовите на Советот на ССМ, беше предложено дополнување на дневниот ред со уште три точки на дневниот ред и тоа:

1. Изјаснување за отповикување на претседателот на ССМ;
2. Именување на в.д. претседател на ССМ и
3. Изјаснување за разрешување на секретарот на Советот на ССМ.

Предлогот за дополнување на дневниот ред беше ставен на гласање по што истиот едногласно се усвои и согласно на тоа на Седницата на Советот на ССМ се работеше по дополнетиот дневен ред:

1. Верификација на член на Советот на ССМ;
2. Актуелни состојби во Сојузот на синдикати на Македонија;
3. Изјаснување за отповикување на претседателот на ССМ;
4. Именување на в.д. претседател на ССМ;
5. Изјаснување за разрешување на секретарот на Советот на ССМ и
6. Тековни прашања

Прва точка

По однос на првата точка на дневниот ред претседавачот на Советот на ССМ ги информираше членовите дека Синдикатот на УПОЗ уште во ноември месец 2015 година, до Советот на ССМ доставил известување за промена на член на Советот на ССМ од Синдикатот на УПОЗ и барање верификација на новиот член да се изврши на првата наредна седница на Советот на ССМ. Верификацијата од непознати причини никогаш не беше ставена на дневниот ред на седниците на Советот на ССМ иако тоа навремено е побарано од Синдикатот на УПОЗ.

По завршување на дискусиите, предлогот за верификација на членот на Советот на ССМ од Синдикатот на УПОЗ, Бењат Бакији беше ставен на гласање и Советот едногласно го верификуваше Бењат Бакији како нов член на Советот на ССМ.

Втора точка

Претседавачот на седницата на Советот на ССМ предложи, поради поврзаноста на содржината, расправата по втората и третата точка да се водат заедно, а изјаснувањето по точките да биде одделно.

Предлогот на претседавачот на Советот на ССМ беше едногласно прифатен од страна на членовите на Советот по што се отвори расправа по втората и третата точка од дневниот ред.

За збор по овие две точки се јавија повеќе членови на Советот на ССМ и истакнаа дека состојбата во ССМ од ден на ден се повеќе се влошува. Сведоци сме како на секоја седница на Советот на ССМ и Претседателството на ССМ се водат седници без притоа да го има потребниот кворум, се носат одлуки спротивно на Статутот на ССМ и на штета на гранските синдикати, се издава имотот во зградата на ССМ без притоа да бидат донесени одлуки од страна на Претседателството на ССМ и така натаму. Социјалниот дијалог не постои, гранските синдикати здружени во ССМ се поделени и

не комуницираат меѓу себе, а ССМ веќе не се гледа како фактор кој може да издејствува подобра материјална и социјална положба на работниците. Поради ваквата состојба синдикалното движење во Македонија е на маргините, а Претседателот на ССМ не презема активности за подобрување состојбата, туку напротив без скрупулозно ја злоупотребува својата функција за остварување лични материјални интереси за сметка на работниците во Македонија.

Поради ваквата состојба, Синдикатите сметаат дека сегашниот Претседател треба да ја напушти функцијата со што ќе се отвори простор за темелна анализа на сите дејствија преземени од негова страна поврзани со злоупотреба на функцијата и отуѓување на имотот на ССМ и да се пристапи кон подготовка за Вонреден Конгрес на ССМ за избор на нови органи и тела кои ќе работат на враќање на довербата на работниците кон ССМ и обнова на синдикалното движење како и спречување на намалувањето на членството на гранските синдикати здружени во ССМ кое од 2010 година па наваму е намалено за повеќе од 30.000 членови.

По завршување на дискусиите по втората и третата точка, на гласање се стави предлогот за отповикување на претседателот на ССМ Живко Митревски, а членовите на Советот едногласно ја донесоа следната одлука:

ОДЛУКА

1. Се отповикува од функцијата претседател на ССМ и претседател на Советот на ССМ Живко Митревски;
2. Се задолжува советот на ССМ согласно Статутот на ССМ и Деловникот за работа на Советот на ССМ да именува вршител на должноста од членовите на Претседателството на ССМ;
3. Одлуката и Записникот за отповикување на претседателот на ССМ. да се достави до Министерството за труд и социјална политика.

Образложение:

Со оглед на тоа што Живко Митревски подолг период како претседател на ССМ и Советот дејствуваше спротивно на Статутот и Програмата на ССМ, беше донесена одлука за негово отповикување. Непочитувајќи го Статутот, три години Претседателството на ССМ работи спротивно на одредбите на Статутот, а клучни одлуки се носат без мнозинство и без потребен кворум за работа. Неговото дејствување е од партиски позиции при што не ги почитуваше одлуките на органите, Истовремено, оние одлуки кои не добиваа мнозинство гласови, особено на седниците на советот на ССМ, самоволно ги прогласуваше за усвоени, некои одлуки во архивата ги евидентираше спротивно на договорените и усвоените ставови на седниците на Претседателството и Советот на ССМ. Потоа претседателот на ССМ Живко М

пројавува непочитување и неизвршување на некои одлуки, иницијатор и носител е на активности кои што водат кон разбивање на ССМ и синдикатот и често лично тој поттикнува такви активности.

Исто така, Живко Митревски со своето однесување не придонесуваше за соработка и солидарност меѓу синдикатите, единство и координација меѓу здружените синдикати во ССМ, не придонесуваше за остварување на синдикалните права и слободи и независност на синдикалното движење, ги игнорираше активностите на синдикатите кои во синдикалната борба ги користеа правата на протест и штрајк. И на крај, не обезбеди јавност во работата, а ставовите по одредени прашања од заеднички интерес на синдикатите претежно беа негови лични ставови.

Тргнувајќи од овие оценки и констатации, синдикатите и членовите на Советот на ССМ сметаат дека беше неминовно претседателот Живко Митревски да биде отповикан од функцијата претседател. Со тоа ќе се отвори простор за враќање на ССМ на основните принципи на своето дејствување како организација која доброволно и врз демократска основа се здружени гранските синдикати. Со неговото отповикување, ССМ ќе мора да ги обединува и застапува заедничките општествени, економски, социјални и други интереси на здружените синдикати, што не беше случај до сега.

По четвртата точка на дневниот ред претседавачот на седницата на Советот на ССМ истакна дека со оглед на фактот што претседателот на Советот на ССМ и претседателот на ССМ Живко Митревски е отповикан од функцијата треба да се избере в.д. претседател на ССМ.

Согласно дискусиите од членовите на Советот на ССМ се профилираше единствен предлог за избор на в.д. претседател на Советот на ССМ и претседател на ССМ, да биде Дарко Димовски претседател на СУТКОЗ на РМ.

По исцрпувањето на расправата по оваа точка предлогот се стави на гласање и се донесе следната:

ОДЛУКА

1. За вршител на должноста претседател на ССМ и претседател на Советот на ССМ се именува Дарко Димовски;
2. Функцијата вршител на должност претседател на ССМ и претседател на Советот на ССМ именуваниот ќе ја врши за временски период согласно Статутот, односно до одржување на вонреден конгрес;
3. Се задолжува Советот на ССМ и службите на ССМ оваа Одлука и преригистрацијата на застапникот, преку Министерството за труд и социјална политика до Централниот регистар на РМ, да ја реализираат веднаш од денот на донесување на одлуката;
4. Се задолжуваат службите на ССМ да ги преземат сите дејствија за примопредавање на должноста.

Образложение

Со оглед на тоа што беше отповикан претседателот на ССМ и претседателот на Советот на ССМ, согласно Статутот и Деловникот за работа на ССМ и Советот на ССМ, донесена е Одлука за именување на вршител на должноста претседател на ССМ и претседател на Советот на ССМ.

По однос на петата точка се истакна дека одлуката за избор за секретар на Советот на ССМ исто така е донесена спротивно на Статутот на ССМ и на седница на која поголемиот дел од Синдикатите не присуствувале. Ова до толку повеќе што на седницата кога е донесена одлуката за избор на нов секретар на Советот на ССМ не е потврдена оставката на дотогашниот секретар Дарко Димовски туку само се донела одлука за избор на нов секретар.

По однос на петата точка на гласање се стави предлогот за разрешување на секретарот на Советот на ССМ кој беше едногласно прифатен и беше донесена следната одлука:

ОДЛУКА

1 Се разрешува Секретарот на Советот на ССМ Методија Димевски.

Претседавачот на Советот на ССМ ги информираше членовите на Советот дека по точката тековни прашања нема дополнителни предлози за расправа па предложи доколку некој член од советот има предлог за расправа да се расправа по истиот.

Со исцрпување на точките од дневниот ред, заврши Петтата седница на Советот на ССМ.

Записничар

Претседавач
Лазе Георгиевски